# ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ

*дипл. економист: Ромео Костадинов*

## ДОНАЦИИ ЗА COVID 19 И ДДВ

***ПРАШАЊЕ:*** Дали се уште е на сила и до кога се применува ослободувањето од ДДВ за прометот по основ на донации дадени спрема буџетски корисник?

***ОДГОВОР:*** Согласно одредбите од Законот за ДДВ ("Службен весник на РМ" 44/99 … 198/18 и "Службен весник на РСМ" 98/19, 124/19 и 275/19), Уредбата со законска сила за примена на законот за ДДВ за време на вонредна состојба ("Службен весник на РСМ" 82/2020, 102/2020, 108/2020 и 128/2020), се регулира оданочувањето со данокот на додадена вредност.

Согласно одредбите од член 2-а и 2-б од уредбата се ослободува од ДДВ, прометот на добра и услуги кои како донација се дадени на буџетски корисник, но и прометот на добра и услуги кој се плаќа со донирани финансиски средства од буџетски корисник за справување со Коронавирусот Covid-19.

За стекнување на правото на ослободување од ДДВ, давателот на донацијата (за добра и услуги) треба да обезбеди потврда од страна на буџетскиот корисник за примената донација пропишана во Правилникот за формата, содржината и начинот на издавање на писмена потврда за донации во јавните дејности.

Потврдата може да биде разменета меѓу давателот на донацијата и примателот на донацијата во електронска форма и по електронски пат (pdf или сличен формат, кој може да се отпечати) или во хартиена форма.

Давателот на донацијата води евиденција за дадената донација по примател на донација, број на потврда за примена донација, договор за донација, краток опис на донацијата и вредност на дадената донација во финансиски средства, добра и услуги.

За ослободувањето од ДДВ, за прометот кој се плаќа со донираните финансиски средства на буџетски корисник за справување со Коронавирусот Covid-19, вршителот на промет треба да обезбеди изјава од буџетскиот корисник, во која изјавува под целосна кривична и материјална одговорност, дека прометот се плаќа со донирани финансиски средства.

Вршителот на прометот е должен да води евиденција за прометот на добра и услуги кон буџетскиот корисник.

За прометот на добра и услуги кои како донација се дадени на буџетски корисник, како и за прометот на добра и услуги извршен кон буџетски корисник кој се плаќа со финансиски средства од примени донации на буџетски корисник, вршителот на промет во фактурата го наведува основот за ослободувањето на прометот од данок на додадена вредност.

Ако вршителот на прометот, обврзник за ДДВ, не ги исполнил условите од уредбата, истиот е должен да пресмета ДДВ на овој промет, согласно Законот за ДДВ.

Согласно одредбите од член 2-ѓ од уредбата, одредбите до уредбата кои се однесуваат на ослободувањето од ДДВ, за прометот по основ на донации спрема буџетски корисник и прометот кој се плаќа со донирани средства, ќе се применуваат за време на траење на вонредната состојба, како и 90 дена по престанување на траењето на вонредната состојба.

Бидејќи вонредната состојба се укина на 22.06.2020 година, ослободувањата за прометот наменет за буџетски корисници по основ на донација, како и прометот спрема буџетски корисник кој се плаќа од донирани финансиски средства се применуваат до 22.09.2020 година.